Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11),, како и врз основа на член 25 став 2 и став 5 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/2010, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/2014) министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по *општество* за I одделение на деветгодишното основно образование.

| | | | |
|---|---|---|---|
| децата од своето окружување (од различни етнички заедници). | | прослави | -Прославуваме роденден, разгледување слики од други празнувања - слави, свадби, имендени, се опишува начинот на нивното прославување.<br>- Честитка за своите блиски (тато, бато, баба, мама и др.). |

**ТЕМА: МЕСТОТО ВО КОЕ ЖИВЕАМ (8 часа)**

| Цели | Содржина | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br>- да се поттикнува да го запознае местото во кое живее (село, град);<br>- да се запознае со позначајните објекти во непосредната околина;<br>- да ја запознае културната различност во местото во кое живее;<br>- да запознае стари градби, носии, стари предмети;<br>- да ја именува својата татковина, да ги препознава знамето и химната;<br>- да развива чувство на припадност и љубов кон својата татковина. | Каде живеам | Град, село<br><br>Пошта, амбуланта, средства за работа, работна облека<br><br>-Стари градби, носии, стари предмети, музеј, играчки во минатото Татковина, знаме, химна | -Учествува во организирани прошетки во околината,набљудува, разговара, црта објекти штоги познава.<br>-Разговара со вработени во пошта, амбуланта за нивната професија, работните обврски, а потоа ги црта нивните средства за работа.<br>-Посета на стари градби, музеи, разгледување, опишување, разговори со повозрасните членови од семејството, изработка на постери, збогатување на етнолошко катче.<br>-Разговара кој се живее во неговата/нејзината зграда, наелеба, град (кои јазици се зборуваат, кои празници се празнуваат)<br>-Ја слуша химната на Република Македонија, го разгледува, опишува и илустрира знамето на Република Македонија (на пример, со примена на ИКТ), изработка на албуми и паноа со слики и разгледници за убавините на Македонија, го збогатува татковинското катче. |